ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

**Годишна прогрма за работа на Ученичкиот правобранител во ООУ„Кочо Рацин“ Охрид**
**во учебната 2024/2025 година**

Ученикот Правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето,да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави на сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето.

Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

| Програма за работа на ученички правобранител | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Содржина | Време на реализација | Реализатор |
| 1. | Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата | октомври | стручна служба, ученички правобранител, заменици |
| 2. | Работилница 1: Правата на децата -Имам право да ги знам моите права | октомври | стручна служба, ученички правобранител( заменици), Ученички парламент |
| 3. | Комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите Ученици | во текот на целата учебна година | ученички правобранител (заменици) |
| 4. | Учество на состаноците на Ученичкиот парламент, давање предлози и сугестии | во текот на целата учебна година | ученички правобранител (заменици) |
| 5. | Работилница 2: Моја одлука, твоја одлука | Ноември | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 6. | Инфо ден за промоција на работата на ученичкиот правобранител<br>Дебата : Борба против корупцијата ( со ученици од осмо и деветто одделение | декември | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 7. | Прибирање поплаки од ученици и доставување до стручна служба | во текот на целата учебна година | стручна служба, ученички правобранител |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Работилница 3: Превземање акција во училиште | февруари | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 9. | Работилница 4: Интеркултурно образование | март | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 10. | Учество во дебати | во текот на целата учебна година | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 11. | Дебата: Почитувањето на различностите — услов за добра училишна клима; | април | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 12. | Дебата : Кои се одликите на добриот лидер? | мај | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 13. | Извештај за работата на ученичкиот правобранител во учебната 2024-2025г. | јуни | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |